20230340638

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30,31 и член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019 и 77/2021) и член 43 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2013, 48/2015, 68/2015, 211/2015, 107/2016 и 158/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/2021), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 јануари 2023 година донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2011, 53/2012, 18/2013, 91/2013, 138/2013, 186/2013, 89/2014, 48/2015, 139/2016,158/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 83/2020 и 293/2021), во членот 1 образецот: Предлог за упатување на лекување во странство (Образец – ПЛС), се заменува со нов образец кој е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-1985/3
30 јануари 2023 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Arben Labënishta,** с.р.

ФЗОМ Образец - ПЛС

ПРЕДЛОГ ЗА УПАТУВАЊЕ НА ЛЕКУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

Од конзилиумот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за _____ во Скопје, во состав:

1. _____
2. _____
3. _____

Осигуреникот_____ роден _____
во _____ул. _____ бр. _____ поднесе барање за болничко лекување, односно контролен преглед *(подвлечи го соодветниот вид на барање)* за давање предлог за упатување на лекување во странство.

Осигуреникот боледува од, DG:
_____
_____
_____шифра на дијагноза по МКБ - 10 ревизија _____
(дијагнозата е поставена со болничко, амбулантско или друг вид испитување, точно да се наведе кое испитување): во_____година.

Направени се следниве последни испитувања врз основа на кои се дава предлогот за упатување на лекување во странство до првостепената лекарска комисија:
*Испитување*_____

*Наод - краток опис (да се наведе периодот на преглед/ хоспитализација, со направени испитувања и анализи, како и опис на превземени медицински и терапевски постапки)*_____
_____
_____ *Дата на наодот:*
_____

Епикриза:
_____
_____ *(може и во прилог)*

Конзилиумот на горенаведената клиника дава предлог за упатување на болничко лекување во странство од следниве причини:

1. Неможност да се спроведе соодветното лекување (или некоја од фазите на) лекувањето во здравствените установи во Република Северна Македонија поради:
_____
_____
_____

2. Неможност да се изврши следниов контролен преглед по извршено болничко лекување во странство одобрено од Фондот, во Република Северна Македонија (ЈЗУ/ПЗУ):
_____

3. Доколку се работи за трансплантација или дарување на орган, да се наведе името и презимето на дарителот _____, неговото сродство со осигуреникот _____ и место на живеење_____.

4. Да се наведе дали осигуреникот боледува од други дополнителни заболувања или инфекции_____
_____

5. Доколку се работи за мултидисциплинарно лекување на осигуреникот да се наведе ЈЗУ УК_____, која е консултирана пред издавање на овој прелдог.

Со издавање на овој предлог за упатување на лекување во странство, конзилиумот тврди дека се исцрпени сите можности за лекување во Републиката, а со упатувањето на лекување во странство постои можност за успешно лекување на заболувањето. Конзилиумот **гарантира дека се исполнети наведените законски предуслови** за упатување на осигуреникот на лекување во странство.

Конзилиумот со издавање на овој предлог за упатување на лекување во странство, гарантира и за тоа дека предложеното лекување или примањето на предложената терапија **е медицина базирана на докази.**

Од предложеното упатување на лекување во странство **се очекува да се постигне:**_____
_____

Дополнително образложение (ако е потребно): _____

Мислењето на конзилиумот е донесено на ден: _____година.

Конзилиум:

1.Лекар координатор_____ **Директор на Клиниката,**
2._____ _____
3._____

Во случај кога осигуреникот има потреба да се лекува во две или повеќе Универзитетски клиники во Скопје или има потреба од мултидисциплинарен тим лекари, за заболување кое не може да се лекува во земјата, предлогот за упатување на лекување во странство го издаваат заедно клиничките конзилуми на соодветните Универзитетски клиники во Скопје.

ЈЗУ Универзитетска Клиника за _____ Скопје, во состав:
Конзилиум:
1.Лекар координатор_____ **Директор на Клиниката,**
2._____ _____
3._____

ЈЗУ Универзитетска Клиника за _____ Скопје, во состав:
Конзилиум:
1.Лекар координатор_____ **Директор на Клиниката,**
2._____ _____
3._____

ВАЖНО:
*Предлогот за упатување на лекување во странство **важи шест месеци** од денот на издавањето. Осигуреникот ќе го оствари правото на лекување во странство со донесување на решение за упатување на лекување во странство, од Фондот за здравствено осигурување на Репблика Северна Македонија.*

***НАПОМЕНА бр.1:** Молиме сите податоци да бидат внесени на соодветно место, **целосно и читко пополнети,** во спротивно ќе се смета дека барањето поднесено во Фондот од страна на осигуреникот **е неуредно**. Доколку е потребно, додадете нов лист за образложение на испитувањата, а задолжително приложете ги наодите.*
***НАПОМЕНА БР. 2:** Како составен дел на Предлогот за упатување на лекување во странство е медицинската епикриза која содржи медицински извештај со хронологија на лекување на здравствената состојба на осигуреното лице, како и видот на лекување кое не може да се изврши во земјата.*

Е П И К Р И З А

(медицински извештај со хронологија на лекувањето на здравствената состојба на осигуреното лице како и видот на лекувањето кое не може да се изврши во земјава)

_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____

ЈЗУ Универзитетска Клиника за

_____

во Скопје